Почитувани сограѓани,

Со цел да изградиме позитивни вредности, мора да имаме позитивна визија. Водејќи се од тоа дека можностите му служат само на подготвениот и креативен ум, но и од тоа дека креативноста бара храброст, честа да бидам кандидат за градоначалник од Сојузот за иднината ми беше доволен стимул за во иднина да застанам на чело на нашата општина и да ги застапувам сите граѓани на Крива Паланка, заедно чекорејќи кон една поубава иднина.

Концепцијата на овде опишаните проекти некои ја нарекуваат програма, но за мене, таа претставува визија. Визија, за подобра и успешна иднина. Визија, за подобро утре. Визија, во која ќе се препознаат сите граѓани од нашата општина, а кон чија реализација и обистинување, секој од нас, ќе даде свој придонес и печат.

Остварувањето на подолу предложени проекти од здружената опозиција, пред се бара храброст, одлучност, посветеност и верба, но и овие квалитети, сами по себе, не се доволни за реализација на нашата визија, доколку отсуствуваат цели, објективи и програма. А оној што не поседува доволно храброст, за да преземе неопходен ризик, тој никогаш нема да ги оствари ниту своите индивидуални, ниту колективните општествени цели.

Во време кога изостанува вистинско лидерство, општеството стагнира, а прогресот доаѓа само кога храбри и вешти лидери, без никакво колебање, ќе го прифатат предизвикот да ги променат работите кон подобро. Лидерот секогаш го знае вистинскиот пат, оди по него, но и го покажува на другите.

Нашата заедничка визија, претставена и елаборирана во оваа програма, е врвен приоритет, мој и на мојот тим, составен од млади, храбри и решителни луѓе, луѓе полни со ентузијазам, со богат креативен потенцијал, луѓе со кои ќе се вложуваме себеси, не штедејќи ниту атом од нашата енергија, а се со цел да обезбедиме подобар живот, подобар стандард и да го подобриме квалитетот на целокупното општествено живеење.

Мојата визија за Крива Паланка е модерна, по европски терк уредена општина, општина со модерна и современа инфраструктура, општина во која нема да постојат горливите проблеми со водоснабдувањето и непостоењето на канализациона мрежа во поедини урбани подрачја, кои што во современи услови, се незамисливи како такви. Мојата визија за Крива Паланка е модерна општина, во која ќе проектираме и планираме изградба на патишта, сообраќајници, модерно уредени паркови и зеленило, детски игралишта и спортски терени. Модерна и развиена општина, која што ќе биде препознатливо туристичка дестинација, со развиен селски, планински и спортски туризам, со богато културно наследство и перспектива.

Мојот прв приоритет и најголем адут за постигнување на економски раст и развој е гасификацијата на Крива Паланка, кое нешто ќе придонесе за инвестирање во областа на енергетиката, за унапредување на алтернативните извори на енергија, за енергетска ефикасност, за зголемена еколошка свест и заштита на природните ресурси и пред се за намалување на трошоците за искористување на енергијата и енергенсите, но воедно и за реални инвестиции кои ќе генерираат нови вработувања и работни места, привлекување на странски инвестиции преку најразлични поволности и олеснувања, со што ќе се обезбеди развој на бизнис секторот и постигнување на одржлив економски раст.

Сите овие проекти се јасно опипливи и реално остварливи.

Со заеднички сили, Јас, мојот тим, стручната и професионална општинска администрација и граѓаните на Крива Паланка, заеднички ќе го исчекориме овој пат кон постигнување на подобри вредности и резултати. Со заеднички сили ќе ја направиме Крива Паланка посакувано место за живеење, каде што перспективата и желбата за подобра иднина ќе бидат нашата ѕвезда водилка.

Приликите му служат само на подготвениот ум, а Јас сум подготвен да ја прифатам својата прилика и истата да ја претворам во прилика за граѓаните на Крива Паланка.

Вистинскиот лидер не ги лоцира проблемите. Вистинскиот лидер нуди решенија на проблемите.

Почитувани сограѓани,

Доаѓа нова перспектива за подобра иднина на Крива Паланка. Време е за Европска Крива Паланка. Наше е да ви понудиме сигурна и перспективна иднина, а ваше да ја прифатите поддадената рака за соработка. Заеднички да ја заживееме иднината.

Иднината сега. Време е!

Искрено Ваш,

Горанчо Младеновски

# Инфраструктура

## Гасификација

***Проблем:***

Порастот на цената на електрична енергија и на нафтата, како доминантни енергенси, како и порастот на секојдневните потреби за користење електрична енергија од страна на домаќинствата, неминовно бара наоѓање начини за инвестирање во поефтини извори на енергија, како што е гасот.

***Решение:***

Крива Паланка е една од општините во чија непосредна близина поминува главниот гасовод од Р.Бугарија кон Р.Македонија. Во услови кога имаме секојдневно зголемување на цената на основните енергенси, а пред се на електричната енергија, наш прв и основен приоритет ќе биде гасификација на Општината. Со ова ќе ги намалиме основните трошоци, во прва фаза на јавните институции и индустриски капацитети, а во втора фаза и на домаќинствата. Ваквата активност ќе биде основа за привлекување на нови инвестиции, отворање на нови работни места, подобрување на квалитетот на живеење и заштита на животната средина. Заштедените средства во различните дејности ќе бидат реинвестирани во основната дејност со што пак ќе допринесеме кон креирање на едни современи стандарди и урбани услови на живеење

Гасификацијата ќе биде спроведена во три фази и тоа:

- прва фаза, во која ќе бидат гасифицирани јавните установи и стопанството,
- втора фаза, во која ќе бидат гасифицирани домаќинствата во централното градско подрачје и
- трета фаза изгрдба на секундарна мрежа и приклучување на домаќинства во периферијата на градот.

Рок за реализација, континуирано во текот на мандатот.

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА ИДНИНАТАСЕГА!

## Енергетска ефикасност

Со искористувањето на природниот гас како поевтин енергенс ќе се зголеми енергетската ефикасност на општината во целина. Со тоа ќе придонесеме кон намалување на трошоците поврзани со греењето, но и заштита на шумите од ерозија, предизвикана со неконтролираната сеча. Тоа во голема мера ќе придонесе кон приближување кон европските стандарди за енергетска ефикаснотс и заштеда на постоечките енергетски ресурси. Наши приоритети ќе бидат:

- Искористување на сончевата енергија со поставување на соларни панели и фотоволтаици во јавните институции
- Промена на фасадите и кровните конструкции на дел од јавните институции
- Промена на фасадите на дел од приватните станбени објекти.

Рок на реализација, континуирано во текот на мандатот.

## Осветлување

***Проблем:***

Јавното осветлување во општина Крива Паланка е несоодветно. Тоа е застарено со стари типови на светилки кои се неекономични и создаваат големи трошоци за оваа намена кои се на терет на локалната самоуправа. Мрежата на некои места или не постои или е под слаб напон. Одредени делови од улиците се целосно во мрак, што директно влијае на чувството на безбедност кај граѓаните.

***Решение:***

Во делот на осветлувањето ќе работиме на три сегмента и тоа:

- Подобрување на осветлувањето на определени фрекфентни локации, мостови и периферни делови во градот,
- Промена на јавното осветлување во урбаниот дел на Крива Паланка со спроведување на постапка за ЈПП и
- Подобриување на јавното осветлување во поголемите рурални средини како што се: Конопница, Мождивњак, Жидилово, Узем, Градец, Длабочица и др.

# Водовод и канализација

***Проблем:***

Водоснабдувањето е еден од клучните проблеми во општина Крива Паланка. Заради дотраеност и недоволен капацитет на водоводната мрежа, граѓаните во текот на целата година се соочуваат со проблеми поврзани со слабиот притисок, немањето на редовен дотек на вода во одделни делови од општината и неквалитетна вода за пиење.

***Решение:***

Обезбедување квалитетна вода за пиење и замена на старите азбесни цевки во дел од населбите во општината е од основно и приоритетно значење за сите граѓани. Потребна е изградба на базени за населбите во високата зона со цел да им се обезбеди чиста и квалитетна вода  за пиење. Во оваа насока се предвидува и реконструкција и доовршување на акумулацијата на Станечка Река и пуштање во употреба на фабриката за вода.

Во таа насока се предвидени три поголеми проекти и тоа:

- Ставање во функција на цевководот Станечка Река и оспособување на фабриката за вода;
- Обезбедување на доволна количина на вода за нас. Лозаново со изведба на крак од базенот за висока зона десен брег и
- Изградба на Базен висока зона лев брег, за населбите Единство, Житни Магацин, Илинден и Скрљава.

Посебен акцент ќе биде ставен на обезбедувањето на квалитетна и чиста вода за пиење за руралните средини пред се за нас. Мизовски Ливади, како и с. Конопница за кое постои потреба за изнаоѓање на средства за изградба на акумулација за наводнување на земјоделските површини.

***Станечка река***

Водата е извор на животот па квалитетна и здрава вода за пиење е еден од приоритетите за Сојузот за Иднината. Во таа насока ќе се доврши акумулацијата на

Станечка Река, што беше започната во претходниот мандат на СДСМ, што ќе овозможи зголемување на водниот потенцијал на градот, поголем доток во главната водоводна мрежа, а со тоа и намалување на рестрикциите. Воедно ќе се стави во функција фабриката за вода опремена со современа лабараторија за испитување која ќе биде готова најдоцна за шест месеци. Со тоа ќе се добие доволна количина на чиста и поквалитетна вода за пиење што ќе влијае на подобрување на урбаните услови на живеење.

***Десен брег - Доградба на водоснабдителна мрежа за населба Лозаново***

Со овој проект се предвидува изградба на крак од населба Баглак кон населба Лозаново. Согласно големата концентрација, населението би добило огромни придобивки како поголем квалитет на живот и олеснување на проблемот со редовно и постојано снабдување со пивка вода.

***Замена на азбестни цевки***

Здравјето на граѓаните е приоритет број еден за Крива Паланка. Унапредувањето на квалитетот на водата претставува залагање кое мора да се оствари преку довршување на проектот на замена на азбестните цевки, цевки кои го намалуваат квалитетот на водата за пиење на кривопаланчани. Ова пак мпретставува потенцијална опасност за појава на различни здравствени проблеми.

***Комплетно решавање на канализациона мрежа во урбаниот дел на Крива Паланка***

Решавање на проблемите со канализациите претставува наша основна обврска, бидејќи се додека немаме квалитетна канализациона мрежа нема да бидеме во состојба да го спречиме ширењето на разни болести, непријатната миризба и лошиот изглед на градот. Општина што функционира во 21 от век заслужува изградба на функционална атмосферска и фекална канализација која ќе ги подобри

основните услови за живот на граѓаните. Во таа насока атмосверската канализација придонесува за почиста, еколошки здрава средина за живеење. Јас како градоначалник во овој мандат ќе се заложам за целосно решавање на овој проблем и тоа преку поставување на канализациона мрежа таму каде што веќе има изготвено проект за тоа, а онаму каде што нема ќе изготвиме проект како прва фаза а во втората фаза истиот ќе подлежи на негова реализација.

## Урбанизам

- Поправка на тротоари

За подобрување на квалитетот на живеење и обезбедување на безбедно движење на граѓаните, ќе бидат изградени тротоари, секаде каде што истите не постојат, а несомнено постои таква потреба. Предвидена е реконструкција на сите дотраени и оштетени тротоари, но и нивна адаптација, соодветно на потребите на лицата со посебни потреби. Ќе изградиме пристапни рампи до сите институции, кои се уште се тешко достапни за оваа категорија на граѓани.

- Реновирање на фасади

Заради модернизација и естетско подобрување на современиот урбан лик, локалната самоуправа ќе даде соодветна поддршка на колективните стамбени згради во однос на обновување и реновирање на фасади и оплеменување на изгледот на истите.

- Зелени катчиња

Заради обезбедување на услови за удобно поминување на слободното време, за граѓаните од нашата општина, ќе бидат уредени и оплеменети околу 15 зелени катчиња во различни реони на градот, каде што граѓаните ќе имаат една својазона за релаксација и одмор од бројните секојдневни активности и обврски.

- Јавна чистота

Имајќи го во предвид подобрувањето на квалитетот на живеење и обезбедувањето на чиста и здрава животна средина, ќе бидат подобрени комуналните услуги, од аспект на редовно и беспрекорно одржување на јавната чистота, поставување на контејнери за отпад и контејнери за селектиран отпад во сите урбани и рурални подрачја, редовно одржување на тревните површини и целосна модернизација на комуналното претпријатие.

# Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици

Подобрувањето на патната инфраструктура и поврзувањето на руралните подрачја со општина Крива Паланка е од огромно значење од аспект на подобра комунказија на селаните со општината како и полесно задоволување на нивните основни потреби за егзистенција. Со подобра патна мрежа, селата како основни гранки на економската и индустриска поврзаност со градот можат да влијаат многу во подобрување на размената град-село, социјализација но и нивна вклученост со тековните случувања во општинат.

Нашата програма нуди и подобрување на сообраќајот во центарот на градот каде ќе има подобра и современа сигнализација за подобри услови на возачите  и пред се за  поголема сигурност на пешаците. Ќе изнајдеме решение за отстранување на сообраќајниот метеж на главната ул.Св. Јоаким Осоговски. Осветлувањето и санацијата на одредени мостови низ општината е исто така еден од приоритетите во мојот мандат.

Доплнително во текот на мандатот ќе пристапиме кон пробивање на неколку патишта со цел поврзување на битни стратешки локации. Подобрување на меѓусебната комуникација на месните населениа засегнати со овој проблем. Предвидено е тампонирање и асфалтирање на истите локации се со цел да се овозможи поквалитетен пристап до овие локации.

***Поврзување на село Мождивњак со Општина Кратово и хидросистем Злетовица.***

Регионален прокет за поврзување на село Мождивњак преку Дубје, преку Лисец и Каврак со Општина Кратово а воедно и поврзување со хидросистем Злетовица. Ова е од особен интерес од аспект на развој туризмот, и за поврзување со соседните општини и региони.

- Мостови

Со изгрдаба на дополнителна лента ќе биде ставен во функција стариот мост до ООУ Јоаким Крчовски со што ќе се овозможи непречено исклучување од магистралниот пат во централното градско подрачје. Ова решение ќе обезбеди идеална солуција за растеретување на сообраќајниот метеж во центарот на градот, како и ќе им служи на граѓаните како практично приклучување кон централното градско подрачје. Овој зафат ќе ја подигне безбедноста во сообраќајот и ќе придонесе кон зголемување на сообраќајната култура на возачите кои во моментот користат дивисолуции за исклучување од магистралниот пат со што ги прекршуваат сообраќајните прописи.

Во нашата програма е предвидена изградба на мост на Куков Дол кој ќе овозможи непречено поврзување на нас.Лозаново со центарлното градско подрачје. Лозаново како една од населбите со најголема концентрација на луѓе со години е одсечена од центарот на градот иако се наоѓа на само еден километар од него поради состојбата што се јавува при појава на поројни дождови кога доаѓа до зголемено количество на вода со што се јавува проблем за непречено сообраќање на моторните возила, минувачите и жителите од ова подрачје. Како решение предлагаме да се направи мост на преминот над Куков Дол со кој ќе се реши овој и тоа како значаен проблем а со кој воедно ќе се постигне поголема заштита за домовите од временски непогоди и поплави.

Изградбата на повеќе пешачки мостови на делови во градот каде што тоа е и најпотребно ќе го реши проблемот на многу жители во Крива Паланка. Поставувањето на мали мостови во одредени делови на населбите и градот ќе ја подобрат комуникацијата и сообраќањето и движењето на граѓаните при вршењето на секојдневните активности.

- Паркинзи

Се поголемиот собраќаен метеж што се случува во Крива Паланка се наметнува потребата за изнаоѓање и изградба на три до четири локации за паркинг. Правилните локации за паркинг ќе овозможат подобар изглед на улиците, поквалитетен сообраќај без метеж и поголема сигурност како на сопствениците на автомобилите така и на децата од средните и основни училишта. Со ова ќе се намали гужвата на определени локации пред се во деновите на пазар и за празници.

***Уредување на сливот помеѓу Дурачка и Крива Река во паркинг простор и детски парк***

Овие проекти предвидуваат оформување на повеќенаменска локација која би го намалила проблемот со паркирањето долж главната улица.Предвиден е и детски парк како место за рекреација и забава за најмладите. Во понатамошна комуникација со месното население би дошло до изнаоѓање на најсоодветното решение во поглед на предложените проекти, имајчи во предвид дека локацијата се наоѓа во близина на приватни и јавни објекти.

# Пазари

Обезбедување услови за примена на HACCP системот на градскиот зелен пазар во Крива Паланка ќе овозможи продажба на млечни и месни производи по определени стандарди. Обезбедување на паркинг близу градскиот пазар е уште една нужна потреба и решавање на проблемите на граѓаните, нешто што е приоритет во нашата програма.

Обезбедување на услови за покриен зелен пазар ќе овозможи редовно работење на градскиот зелен пазар и пласман на земјоделските производи од локални извори. Тоа пак во голема мера ќе ја намали цената на чинење на овие производи.

Доопремувањето на пазарот со обезбедување и уредување на локација за паркинг на возилата ќе ја олесни проодноста и мобилноста како на трговците, така и на купувачите, а на градот ќе му даде дополнителен урбан лик.

## Речно корито

Реките се нашето природно богатство и како такви треба да се чуваат како долгорочен извор на снабдување со вода на градот. Секако не треба да се заборави и естетскиот аспект за кој предвидуваме редовно чистење и одржување на речното корито и уреување на сливовите. Од друга стана ова ќе придонесе до зголемување на безбедноста на граѓаните, домовите и нивните имоти.

## Наводнување

Во поглед на наводнувањето и извршувањето на вообичаените земјоделски активности предвидено е изградба на бунари за техничка вода. Оваа активност ќе го намали оптоварувањето на постоечката водоводна мрежа. Во с.Конопница ќе отпочнат активности за подготовка на проект за изградба на мини акумулација, која пред се ќе се користи за наводнување на земјоделските површини.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

***Плоштад***

Плоштадот и градскиот парк се лицето на градот. Кривопаланчани со сигурност заслужуваат едно поубаво издание од она на постоечкиот. Би се извршила модернизација и адаптација на истиот како центар на најразлични култирни, забавни и традиционални манифестации. Добивање на еден европски лик кој ке биде препознатлив по тоа што многу генерации би имале пријатни сеќавања поврзани со многу животни приказни.  Со тоа ќе добиеме еден централен дел на градот кој ќе претставува место за културни настани и збиднувања, како и место за пријатен претстој и прошетки за сите генерации.

***Изградба на спортска сала за детски градиники***

Ќе изградиме спортска сала за најмладите во детската градинка Детелинка. Со тоа ќе придонесеме за правилно развивање на моториката кај децата преку навика за континуирани спортски активности. Здравиот начин на исхрана,з дравото растење и развивање на секое дете започнува токму со најмладите години. Затоа овој проект е од големо значење за социјализација и здрав живот на нашите деца.

***Изградба на спортска сала за ООУ Јоаким Крчовски***

Со овој проект се предвидува модернизација на основните училишта со цел учениците конечно да добијат соодветни услови за спортување. Изградбата на оваа спортска сала ќе овозможи учениците да можат своите спортско рекреативни активности да ги извршуваат во нај адекватни и соодветни услови за оваа намена.

***Заживување на локалитетот Калин Камен како зимски рекреативен центар (изградба на населба со пропратни содржини)***

Локалитетот Калин Камен е место кое нуди одлични природни услови за развој на зимскиот и алтернативниот туризам. Неискористеноста на овој редок, природен потенцијал на Осоговските планини се должи на немањето на решителни иницијативи во минатиот период да ова место стане еден врвен спортски центар на Крива Паланка и во поширок регионален контекс.

Оваа локација поседува одлични терени погодни за развивање на планинарството, алпинизамот и зимските спортови. Овој предел од Осоговските планини поседува и одлична флора и фауна што претставува предуслов за општ социо-економски развој на општината. Инвестицијата во капитални објекти од различен карактер ќе придонесат кон развој на туризмот, но и намалување на миграцијата на населението од руралните средини кои гравитираат кон овој регион. Ваквата инвестиција ќе придонесе кон стопанскиот развој, но и развој на споредни гранки како што се: угостителство, трговија, транспорт и сл.

## Економски развој

***Проблем:***

Лошата економска состојба во нашиот град е предизвикана од слабо развиената индустрија и тешката состојба на малите и средни претпријатија. Соочени со проблемот со големата невработеност, од приоритетна важност е подобрување на локалниот економски развој со кој ќе се отворат нови работни места и ќе се подобри конкуретноста што ќе доведе до поквалитетен живот на граѓаните.

***Решение:***

Јас како градоначалник и мојот тим од советници ќе преземеме соодветни чекори за подобрување и стимулирање на развојот на стопанството преку:

- Изнаоѓање на локација, нејзино урбанизирање, изградба на основна инфраструктура и отворање на слободна економска зона во Крива Паланка.

- Подготовка на сет од мерки за поволности на потенцијалните инвеститори.

- Спроведување на кампања “Инвестирајте во Крива Паланка“

- Отворање на мини погони за преработка на земјоделски производи, млеко и млечни производи и шумски плодови.

- Изготвување на стратешки акционен план за локален развој.

- Спроведување на проектот "Гасификација" како супер ефтин енергенс со кој компаниите ќе ги намалат трошоците со што се ослободуваат парични средства за реинвестирање.

- Креирање на база на податоци преку кои ќе може да се дојде до пристап на информации во врска со пазарите, достапноста на ресурсите, конкуренцијата, инфраструктурата.

- Континурано одржување на средби со претставниците на бизнис секторот со цел запознавање со проблемите со кои тие се соочуваат.

- Обезбедување на целосна документација за започнување на бизнис од страна на општината заснована на одредени стандарди и критериуми.

- Промоција и брендирање на локални производи и локални ресурси.

- Формирање на локален центар за техничка подршка за обезбедување разни специјализирани програми за обука со цел да им се помогне на заинтересираните субјекти како да ги подобрат нивните перформанси.

- Кампања за развој на претприемничката свест и остварување на ефективни линкови со бизнис секторот од слични региони во соседните држави и пошироко во европски рамки.

# Подобри услуги за граѓаните

## Администрација

Граѓаните и квалитетот на услугите што им се нудат ќе ни бидат на прво место. Јас како Градоначалник на Крива Паланка, ќе се грижам за унапредување на постојните услови под кои тие се вклучени во обезбедување на сите нивни потреби за добивање на квалитетна услуга од страна на општинската администрација. Еден чекор поблиску до тоа е модернизација на работењето на општинската администрација и воведување и почитување на морални и етички норми на работење.

Мојата парола ќе биде „Граѓанинот пред се и над се“, при што огромен акцент ќе биде ставен на посветеноста во добивањето на брзи и квалитетни услуги со процедури со минимално време на чекање. Напредувањето во професионалната кариера на општинската администрација ќе биде само и врз основа на посветеноста во извршувањето на работните обвски.

Без ефикасна, професионална и независна јавна администрација нема функционална демократија. Јавната администрација е олицетворението на државата и важноста од инвестирањето во човечкиот капитал со примена на европските стандарди е влог во сопствената инднина и развој на државата, а тоа е нешто за кое ќе се бориме во интерес на подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните.

- Воведување на ГИС Систем со целосен подземен и надземен катастар;

- Воведување на електронски совет

- Имплементација на проект „Систем 48“ за испорака на подобри услуги на граѓаните;

- Креирање на систем за управување со човечки ресурси,

- Активирање и мобилизација на урбаните и руралните месни заедници;

- Целосна отвореност и јавност на работата на локална самоуправа, седниците на совет и работата на општинска администрација;

- Практикување на кодексот за државни службеници;

## Побрзо вадење документи

Со воведувањето на електронскиот потпис ќе ја поедноставиме процедурата и постапката за добивање на бараната услуга или информација. Централизација на информациите во лесно достапна база на податоци преку употреба на софистицираните интернет технологии ќе овозможи намалување на времето на чекање. Граѓаните ќе можат да дознат до која фаза е стигнат нивниот проблем за решавање во било кое време, а по завршувањето на постапка ќе бидат информирани телефонски.

Ќе воведеме „Систем 48", при што по дојавата за определен проблем, службите ќе се појават на терен и ќе ги преземат неопходните мерки за негово санирање. Граѓанинот во рок од 48 часа ќе добие повратна информација за преземените мерки и чекори.

## Јавен превоз

Подобрувањето на јавниот превоз е од особено значење за граѓаните на овој град. Обезбедувањето на соодветен превоз за граѓаните ќе придонесе кон олеснување на движењето кон и од селските средини. Воспоставувањето на ваква мрежа ќе придонесе кон унапредувањето на дневните миграции село-град и обратно со што ќе се унапреди комуникацијата помеќу граѓаните, но и во значаен дел ќе се подобри економско – трговската врска.

Ќе го обновиме јавниот превоз на неколку клучни релации во градот:

- Од Крива Паланка кон  с.Жидилово- с.Узем, граничен премин Деве Баир,
- Од Крива Паланка кон с.Дубровница - с.Луке,
- Од Крива Паланка кон с.Осиче - с.Габар - с.Метежево - с.Огут - с.Нерав и
- Од Крива Паланка кон с.Конопница - с.Мождивњак и назад.

# Квалитетен живот

## Екологија и зеленило

***Проблем:***

Екологијата и чистотата на градот е битен предуслов за првичната слика на урбаниот изглед и квалитетен живот во урбаната средина. Проблемот на немање на соодветен број на контејнери, нередовното собирање на смет, слабата територијална покриеност и смалена фрекфренција на возилата на ЈП Комуналец, пред се во зимските услови, допринесува до создавање на мини диви депонии.

***Решение:***

- Ќе обезбедиме доволен број на специјализирани контејнери за отпад.

- Ќе работиме на развивање на еколошката свест кај граѓаните и на програми кои ќе бидат базирани на рециклирање и реупотреба на создадениот смет, било од индустријата или од домаќинствата.

- Набавката на нови возила кои ќе можат да пристапат на различни локации во населбите, ќе ја избегнеме појавата некои домаќинства да го носат сметот по стотина или двеста метри до првиот контејнер.

- Уредување на нови и соодветни простори за поставување на контејнери, а дислокација на постоечките кои се наоѓаат во близина на прометни сообраќајници и фрекфрентни места во градот кои со тоа создаваат лоша слика за градот.

- Зголемена фрекфенција и редовно собирање на сметот.

- Спроведување на кампањи и работилници во училиштата за подигнување на јавната свест за важноста од управувањето со цврстиот отпад, екологија и заштитата на животната средина.

# Образование

Главни приоритети во образованието во наредниот четиригодишен период ќе ни бидат:

- Гасификација на сите воспитно образовни установи кои се наоѓаат на улицата св.Јоаким Осоговски. Со тоа во голема мера ќе се подобри енергетскта ефикасност, а од друга страна ќе се заштедат финансиски средства, кои можат да бидат употребени за други цели во воспитно образовниот процес.

- Изградба на нова спортска сала во склоп на централниот објект на ООУ Јоаким Крчовски. Напоредно ќе се работи на доопремување на останатите училишни сали со опрема и спортски реквизити.

- Набавка на нагледни средства и опремување на кабинетите за практична настава. Набавка на софистицирани надгледни средства и помагала како и стручна литература, кои ставени во функција на по квалитетна настава и зголемување на интересот на учениците за овие предмети, че допринесе за здобивање на поголем квантум на знаења и практично искуство.

- Подобрување на условите за работа во училиштата во руралните среднини. Реконструкција и доопремување на спортските игралишта, реновирање на училишни објекти (замена на врати, прозорци, фасади, санитарни чворови, подови, осветлување и сл).

- Спроведување на едукативно-културни и спортски дружења на учениците од руралните средини со нивните врсници од градот.

- Доградба на простории во ООУ Јоаким Крчовски и овозможување едносменско работење, реконструкција на фасадата со што ке се подобри енергетската ефикснoст и надворешниот изглед на училиштето.

- Зголемување на енергетската ефикасност на образовните институции преку вградување на сончеви колектори и фотоволтаци.

- Подобрување на начинот на организирање на ученичкиот превоз во основните и средните училишта.

- Подобрување на стандардите и условите за сместување во Ученичкиот Дом „Боро Менков".

- Подобрување на безбедноста на учениците во училиштата.

- Поврзаност со бизнис заедницата, воведување на нови струки и профили во интерес на нив, едуцирање и образување на стручен кадар, се со цел на поголем интерес на ученици од нашата општина како и од соседните општини.

- Реновирање на подовите во СОУ „Ѓорче Петров“, училниците, ходниците и санитарните јазли.

- Мотивирање на најдобрите ученици и студенти со доделување на стипендии преку основање на општински фонд, а истиот ќе биде финансиран со средсва на локална самоуправа, бизнис сектор, странски донации, донации на поединци и сл. Од истиот фонд ќе бидат наградени сите ученици кои на регионално и државно првенство имаат освоено прва, втора или трета награда.

## Спорт

Живееме во време во кое динамиката на животот и извршувањето на секојдневните активности се премногу интензивни. Гледајки го ова, а со цел постигнување на животниот баланс, спортот е нешто неопходно за рекреирање и опуштање од секојдневните проблеми со кои се соочуваме. Како Градоначалник апсолутно ќе се залагам за конкретен развој на спортот во нашиот град, дали екипниот или поединечниот. Соочени со фактот дека досега ништо или многу малку е направено по однос на искористување на природните предели и ресурси со кои располага општината ќе се посветам на изградба на нови спортски терени, поставување на спортски реквизити на отворено, изградба на пешачки и трим патеки. Имаме изобилство на можности кои со минимална инвестиција можат да бидат ставени во функција на развој на аматерските и професионалните спортови.

Поагајќи од фактот дека финансиите се најголемиот проблем со кој спортските клубови се срекаваат, а со цел нивно подобро функционирање, ќе се обезбедат услови за формирање на Сојуз на спортови, со што шансите за добивање на финансиски средства од различни извори на финансирање се многу поголеми. Посебен акцент ќе биде ставен на клубските спортови и враќање на ракометот како традиционален и трофеен спорт за оваа општина.

Ќе потикнеме кампања "Преку спорт до здраво тело и здрав дух" при што ќе ја промовираме важноста од потребата и подобрувањето и одржувањето на како здравствената така и менталната стабилност на децата, се со цел на нивен правилен развој.

Помеѓу другото ќе работиме на:

- Овозможување на поволни услови за спортување за сите целни групи;

- Стимулирање и поддршка на спортските клубови;

- Финасиска помош при организирање на државни и интернационални спортски натпревари;

- Поддршка на трофејните спортски клубови и поединци;

- Реновирање на старите и запуштени спортски терени во општината;

- Адаптирање на патека за планински велосипедизам на Калин Камен и моторциклизам Лисец;

- Изградба на трим патека на релација Мотел Македонија кон манастирски комплекс и на локалитетот Стара вада – Маневски Мост;

- Спроведување на пролетни и есенски крос натпревари;

- Оргазнизирање на училишна општинска лига во: мал фудбал, кошарка и одбојка;

- Организирање на летна пливачка школа;

- - Издавање на публикација „Историјата на спортот во општина Крива Паланка“.

## Култура

Во делот на културата, ќе продолжиме со негувањето на културни манифестации и настани со кои можеме да се промовираме пред домашната и пошироката јавност.

Планираме изградба на младинско креативно катче каде што младите во секое време ќе можат да се надградуваат во областа на музиката, фотографијата, видеото и литераутра, збогатуваќи ги своите знаења од претходно споменатите области.

Во сферата на културата, општината ќе се залага за остварување на концептот за одржлив културен развој. Со децентрализацијата општината добива нагласена улога да ја гради и развива културата како една од најзначајните вредности на општественото живеење.

Оттука во реализација (оживотворувањето) на овој концепт, треба да се поттикнат сите општествени субјекти кои остваруваат проекти и програми од сферата на

културата, како што се: НУ Центар за култура – Крива Паланка, Градскиот Музеј, Меѓународната ликовна колонија „СВ. Јоаким Осоговски“, Летната школа за архитектура, Летната ликовна колонија, културно-уметничките друштва, и останатите групи и бендови.

Сиот овој културен потенцијал, логистички и материјално поддржан од општината Крива Паланка, треба да обезбеди одржлив културен развој, кој се изразува во основа низ задоволувањето на културните потреби на населението и младите, поттикнување на креативноста и иницијативите со кои се унапредува творештвото, се негува традицијата, се истражува и наградува културното наследство и се отвараат перспективи за иновативност и нови импулси во културата кои ќе овозможат препознатливост на локалната култура во републички рамки, но и нејзина промоција во пошироки регионални рамки.

Во таа насока посебно ќе работиме на:

- Адаптирање на т.н. мала сцена, за изведба на културни настани на отворен простор во Градскиот Парк.

- Материјална и логистичка поддршка на започнатиот, а незавршен проект (во почетна фаза), уметничка галерија во манастирскиот комплекс на Св. Јоаким Осоговски

- Материјална и логистичка поддршка на започнатиот проект – реновирање на објектот од 1905 година – плевна со штала во манастирскиот комплекс Св. Јоаким Осоговски

- Општината Крива Паланка ќе биде носител на проектот за урбанизирање и уредување на локалитетот „Горно собориште“ во манастирскиот комплекс на Св. Јоаким Осоговски

- Ќе се градат партнерски односи на соработка со Националната установа – Центар за култура – Крива Паланка, која треба да биде основен субјект и носител на културните програми,

- Осмислување на функцијата на реновираниот Манастирски ан (до мотел Македонија)

- Поддршка и стимулирање на културниот туризам, преку манастирот Св. Јоаким Осоговски, црквите во општината, пештерата на Св. Јоаким Осоговски (село Градец) ваљавниците во село Дурачка Река и село Станци и други природни реткости.

-Промоција и брендирање на локални производи и ресурси;

-Отворање на сувенирници на 3 места во градот;

- Манифестации кои допринеле и допринесуваат за промоцијата на Крива Паланка, и ќе бидат поддржани од страна на општината се:

- Меѓународната ликовната колонија Св. Јоакм Осоговски,
- Меѓународна школа за архитектура,
- Меѓународната копаничарска колонија,
- Рок Фестивал – Џој Фест (Joy Fest),
- Фолклорен фестивал Св. Јоаким Осоговски и
- Таеатарски фестивал.

Како нови манифестации кои ќе отсликуваат одредени локални ресурси од нашето поднебје, а се со цел на нивно промовирање во државата и светот, ќе се организираат:

- Паланечка компиријада,
- Денови на култура на нашите збратимени градови,
- Паланечка ракијада,
- Детски музички фестивал,
- Детски фестивал мала сцена и
- Стрит арт фестивал.

# „Моето маало" /
# „Моето село"

## Осичка Маала

Улица:  Партизанска

1. Изградба на пат во локацијата Сокак, поврзување на улица Партизанска до пешачки мост кај Домачки Дол;

2. Уредување на нова локација за поставување на контејнери;

3. Изградба на детски забавен парк зад детската градинка Детелинка;

4. Поставување на семафори или сверно огледало на клучката кај Осички мост.

5. Уредување и чистење на Домачки Дол;

6. Обнова на постоечки асфалт на улица Паризанска;

7. Решавање на проблемот со осветлување на потег од магистрален пат, покрај Тораничка Зграда.

## Осичка Маала

Улици: Моша Пијаде и Ристена Гогова

1. Пробивање на крак и спојување на Моша Пијаде со Ристена Гогова;

2. Изградба на потпорна стена на Ристена Гогова;

3. Поставување на улично осветлување на Ристена Гогова;

4. Пробивање на нов крак од ул. Ристена Гогова кон ул. Македонска;

5. Уредување на локација за поставување на контејнери;

6. Поставување на држачи за пешаци по калдрмата на Ристена Гогова.

# Осичка Маала и населба Домачки Дол

Улици: Партизанска и 8-ми Септември

1. Изградба на улично осветлување во населба Домачки Дол;

2. Уредување и чистење на Домачки Дол;

3. Изградба на нова трафостаница во Домачки Дол;

4. Пробивање на нов крак и изградба на мост кај населба Циглана;

5. Изградба на детско игралиште во населба Домачки Дол;

6. Изградба на канализационен систем во новата населба спроти Градски Стадион;

7. Довршување на патот и изведување на клучка кај мостот во непосредна близина фурна Да - Бо и поврзување на улица Партизанска со Домачки Дол;

8. Дислокација на постоечки контејнери и изградба на локација за поставување на нови контејнери;

9. Изработка на сообраќаен елаборат за делот на Осичка Маала, Домачки дол и 8ми Септември;

10. Реконструкција на мал пешаки мост на Домачки Дол;

11. Изградба на забавен парк и детско игралиште кај станбени згради на улица 8 ми Септември;

12. Решавање на проблем со тесно грло за водоснабдување на населба Домачки Дол;

13. Решавање на проблем со атмосферска канализација на 8ми Септември;

14. Изградба на пешачки скали и поврзување на двата крака на улица 8 ми Септември;

15. Чистење и уредување на речното корито на потегот Градски базен – Градски стадион;

# Маневци, Кошари

Улици:8-ми Октомври и Калин Камен

1. Замена на азбестни цевки за водовод;

2. Изградба на канализација за дел од улица 8 ми Октомври;

3. Решавање на проблемот со водоснабдување;

4. Регулација на атмосферска канализација;

5. Регулација на Дурачка Река;

6. Подобрување на јавна чистота со поставување на нови контејнери и канти за отпад;

7. Уредување на игралиште кај ученички дом Боро Менков;

8. Тампонирање на кракот од улица над маневски мост по течение на Дурачка Река;

9. Обнова на асфалт на улицца 8ми Октомври;

10. Поврзување на улица Калин Камен со месноста викана Саат и нејзино асвалтирање;

11. Изградба на потпорна стена на улица 8 ми Октомври кај локација саат.

## Центар

Улици: Илинденска, Никола Тесла, Св Јоаким Осоговски

1. Поставување на сообраќајна сигнализација на улица Илинденска и реконструкција на асфалтен слој;

2. Асфалтирање на улица Никола Тесла ;

3. Решавање на проблем со паркирање на возила по главна ул. Св. Јоаким Осоговски;

4. Изградба на пешачка патека на потегот Стара Вада –Маневски Мост;

5. Подобрување на улично осветлување на улица Никола Тесла и Илинденска;

6. Решавање на проблем со кучиња скитници во централното градско подрачје;

7. Подобрување на јавна чистота по течението на Дурачка Река;

## Центар, Чука

Улици: св. Јоаким Осоговски, 11 Октомври, Борис Кидриќ, Јане Сандански, Прохор Пчински и Орце Николов

1. Решавање на проблем со паркинг простор во централното градско подрачје;

2. Изградба на потпорна стена над Кадиска Чешма;

3. Чистење на долот пкрај улица Прохор Пчински;

4. Редовно собирање на смет со изградба на нови локации за контејнери;

5. Изградба на кружен тек кај стари градски гробишта;

6. Санирање на улицата кај Центар за социјални работи и населба Чука;

## Стара Чаршија, Амбарска маала, Грнчарска маала, дел од Центар и Единство

Улици: Единство, Иво Лола Рибар, Орце Николов, Св. Јоаким Осоговски

1. Уредување на просторот зад станбени згради во близина на градскиот зелен пазар;

2. Уредување и осовременување на Градски зелен пазар

3. Санација на патот кон Ловечки ресторан;

4. Поплочување на улица Јане Јакимовски – Амбар;

5. Уредување на тротоарот кај зградите на улица Св. Јоаким Осоговски;

6. Поставување на лежечки полицајци на нов крак на ул Св Јоаким Осоговски кај стара часршија, нов крак на Св. Јоаким Осоговски;

7. Обнова на фасади на зградите кај Градски Пазар;

8. Обезбедување на услови за изградба на модерен водовод кој ќе ги реши проблемите со вода за пиење и други потреби во населба Единство;

9. Редовно одржување и санирање на долот во населба Единство.

***Населено место: Житни Магацин***

Улици: Гоце Делчев, Крушевска, Борис Арсов, Ѓорче Петров, Димитар Влахов, Осоговска, Пиринска, Чупино Брдо, 4-ти Јули, 17-Македонска Бригада, 3-та Македонска Ударна Бригада, Св. Јоаким Осоговски.

1. Изградба на базен за водоснабдување на висока зона лев брег;

2. Пробивање и тампонирање на улица Крушевска;

3. Обнова на асфалт на улица Гоце Делчев;

4. Изградба на на детско игралиште, простор за рекреација и простор за остварување на прослави за Бадник над улица Ѓорче Петров;

5. Решавање на проблем со легализација на дивоградби на улица Гоце Делчев;

6. Санирање на проблем со атмосферска и фекална канализација;

7. Уредување на простор за поставување на контејнери за смет за подобрување на јавна чистота;

8. Изградба на потпорна стена на улица Гоце Делчев;

9. Замена на азбестни цевки на улица Гоце Делчев;

10. Уредување на слободен простор на улица 3 Македонска Бригада;

11. Решавање на проблем со стена и тесно грло кај др Ацо;

12. Санација на долот на ул Чупино Брдо  на потег од Осоговска до Гоце Делчев;

13. Улично осветлување на ул Гоце Делчев и делот на Крушевска

14. Адаптирање на 2 локации за поставување на кошови на улица Гоце Делчев;

## Белево, Скрљава, Цонев Рид

Улици: Горан Стојановски, Вера Јоциќ, Вера Циривири, Јоаким Крчовски, Климент Охридски, Лисец, Наско Тамбурков, св. Јоаким Осоговски.

1. Асфалтирање на улица Климент Охридски;

2. Изградба на калдрма и осветлување на потегот од болничка ливада кон улица Климент Охридски;

3. Асфалтирање на улица Горан Стојановски;

4. Изградба на детско игралиште на улица Горан Стојановски;

5. Регулација на Скрљавски Дол во должина од 200 метри;

6. Изградба на крак на улица Наско Тамбурков – болничка ливада кон продавница на Крива Река;

7. Изградба на канализација на ул Климент Охридски;

8. Поставување на улично осветлување на ул Горан Стојановски,

9. Прочистување и тампонирање на пат кон селски гробишта во село Мартиница;

10. Асфалтирање на патот од Кантина до чешмата кај болничка ливада;

11. Уредување на простор и поставување на контејнери за смет на 3 локации на ул.Климент Охридски;

## Бегови Бавчи и Лозаново

Улици: Ацо Шопов, Биљино, Григор Прличев, Куков Дол, Лозановска, Пере Тошев

1. Асфалтирање на улици во н. Лозаново – Биљинска и Ацо Шопов

2. Изградба на крак за водоснабдување од базен за висока зона од Баглак 3 кон Лозаново

3. Асфалтирање на ул. Григор Прличев и Пере Тошев

4. Изградба на детско игралиште во нас. Бегови Бавчи

5. Реконструкција на асвалт на ул Лозановска

6. Адаптација на локација за контејнери во нас. Бегови Бавчи

7. Изградба на мост на Куков Дол кон нас. Лозаново

8. Изградба на решетки за атмосверска канализација на ул. Пере Тошев

## Бавчалк, Херој Карпош

Улици: Херој Карпош и Ристена Гогова

1. Изградба на нова клучка на магистралниот пат кај Јоаким Крчовски;

2. Поставување на држачи за пешаци кон Трновска маала;

3. Спојување на калдрмата на Ристена Гогова со улица Македонска;

4. Реконструкција на асфалт на улица Херој Карпош;

5. Уредување на нови локации за поставување на контејнери на Херој Карпош;

6. Регулација на дол кај клучка на улица  Херој Карпош со улица Ратко Минев;

7. Осветлување на потегот од населба Бавчалк кон Далфис, кај мостот;

8. Уредување и доопремување на просторот кај станбени во населба Бавчалк;

9. Уредување на калдрмата од Херој Карпош кон улица Македонска;

10. Тампонирање на крак од Куков дол кон Башиќеви лозја;

Иако овој дел е прилично населен, нашите сограѓани немаат нормални услови за сообраќање во овој дел од градот. Тампонирањето на патот ќе ја овозможи фркфенцијата на граѓаните и ќе придонесе кон зголемување на степенот на живеење кај населението од овој дел на Крива Паланка.

## Трештен Дол

Улица: Ратко Минев

1. Уредување на локации и поставување на контејнери за смет;

2. Поплочување на новопросечен крак кон населба Баглак;

3. Изградба на канализација во делот на Бојанов Дол;

4. Проширување на дел од улица Ратко Минев и овозможување на пристап за возила за редовно собирање на смет;

5. Решавање на проблемот со зимско одржување на делот од Ратко Минев кој води од Бојанов Дол кон ул. Херој Карпош;

6. Обнова на асфалтен слој на ул.Ратко Минев;

7. Поставување на држачи за пешаци  на кракот кој води кон Башиќеви Лојза;

## Баглак

Улици: Баглачка, Македонска, Димитар Арсов

1. Изградба на канализација на улица Баглачка;

2. Асфалтирање на улица во населба Баглак;

3. Поставување на улично осветлување;

4. Спојување на Македонска со Ристена Гогова;

5. Просекување на крак во населба метеоролошка од Тигарска продавница во правец кон Бојанов Дол;

6. Уредување на пешачка патека од улица Македонска кон стар мост кај Јоаким Крчовски;

7. Поставување на држачи за пешаци на почетокот на улиците Македонска и Ратко Минев;

8. Уредување на детски забавен парк кај метеоролошка станица;

9. Реновирање на асфалтен слој на улица Македонска;

10. Изработка на проект за канализација за населба Баглак 3;

## Белево, Грамаѓе

Улици: Браќа миладиновци, Вардарска, Грамаѓе, Долно Грамаѓе, Индустриска, Коце Металец, Кочо Рацин, Никола Карев, Панче Пешев, Питу Гули, Лисец и Пролетерска.

1. Поставување на јавно осветлување и изградба на тротоар на потегот од Технички Сервис до Борчева Кафеана;

2. Изградба на канализација во населба Белево;

3. Изградба на нов водовод во населба Белево;

4. Регулација на долот од Кош кон Кланица;

5. Поставување на шахти за атмосверска канализација;

6. Изградба на канализација, пат и осветлување во нас. Мечковци;

7. Уредување на локации за поставување на контејнери за смет во населба Белево;

8. Уредување на улиците Панче Пешев и Кочо Рацин;

9. Изградба на атмосферска канализација на улица Панче Пешев.

## Грамаѓе и Конопница

Обезбдување на вода за пиење, техничка вода и вода за наводнување во село Конопница;

1. Изградба на канализација во населба Деловодци;

2. Санација на резервоар за вода во месност Вирови;

3. Изградба на пат од стари гробишта до месноста Спас;

4. Поврзување на кракот од Деловодци  - Рампа – Стамболици;

5. Изградба на јаво осветлување за: Стамболици, Деловодци, Кула, Црква, Стублица, Рампа и на патот кон Црква;

6. Изградба на канализација во населба Трнци;

7. Санирање на преминот од магистрален пат кон Крстата Падина и мостот на Крива Река;

8. Уредување на патот од маала Чивлк кон градски гробишта;

9. Уредување на детски забавни паркови во населба Трнци и Грамаѓе

10. Уредување на школски двор во ПОУ Конопница;

11. Уредување на просторот зад Домот во с. Конмопница, осветлување, поставување на клупи и адаптирање на просторот за одмор и рекреација;

## РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ – ОСНОВЕНПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во поглед на руралните средини се предвидени неколку проекти од аспект на инфрструктурата, заштита на животната средина, земјоделското производство и за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Специфични проекти ставени на приоритетната листа за руралните средини се:

1.Подобрување на јавно осветлување во селските средини;

2.Обезбедување на редовен организиран превоз;

3.Тековно одржување на патните правци, трасирање и пробивање на нови;

4.Редовно и квалитетно зимско одржување на локалните патни правци;

5.Активирање на месните заедници како основен облик на организирање во рамки на општината;

6.Обезбедување на мобилни екипи за континуирана здравствена заштита во оддалечените рурални средини каде нема или не функционираат месните амбуланти;

7.Промоција на природните убавини на Осоговскиот регион во насока на развој на алтернативен и селски туризам, со промоција на традиционални изработки и традиционална кујна и

8.Создавање на услови за развој на земјоделието и производство на здрава храна.